Друштво за производство, трговија и услуги
ЕНЕРГОИНВЕСТ ТРЕЈД Глигор и др. ДОО извоз-увоз
Бр. 03-236/2
29.11 2018 год.
СКОПЈЕ
штембил

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
- Генерален секретаријат –
бр.4606-9786/18 од 29.11.2018 година
Скопје

**ЕНЕРГОИНВЕСТ ТРЕЈД Глигор и др. ДОО**

# ДОГОВОР
## за набавка на работа

**Скопје, Ноември 2018 година**

# ДОГОВОР
## за набавка на работа

Склучен на 29 11.2018 година, меѓу:

1. **Влада на Република Македонија - Генерален секретаријат**, со седиште на бул.„Илинден„ бр.2. Скопје, застапувана и претставувана од **Д-р Драги Рашковски**, Генерален секретар, во понатамошниот текст: **Договорен орган**, и

2. **ЕНЕРГОИНВЕСТ ТРЕЈД Глигор и др. ДОО,** со седиште на Бул.Илинден 29-3/4, 1000 Скопје, со ЕМБС 5107962 и даночен број 4030996110622 претставувано и застапувано од **Љубен Илиевски**, Управител, во понатамошниот текст: **Носител на набавката**.

### I. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 1**

Предмет на договорот за јавна набавка е **набавка на работа - асфалтирање на под на дел од објектот на Влада на Република Македонија.**

### II. ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 2**

Вкупната вредност на набавката за реализација на работата - предмет на Договорот, **изнесува 1.887.410** (со зборови: еден милион осумстотини осумдесет и седум илјади четиристотини и десет) **денари,** со вклучен 18% ДДВ.

### III. НАЧИН И РОК НА ПЛАЌАЊЕ

**Член 3**

Договорните страни се согласни плаќањето да се изврши по реализацијата на работата, врз основа на доставена фактура и соодветна прилог документација во рок од 60 дена сметано од првиот нареден ден од денот на приемот на фактурата во архивата на Договорниот орган.

### IV. ОБВРСКИ НА НОСИТЕЛОТ НА НАБАВКАТА

**Член 4**

Носителот на набавката се обврзува да ја реализира работата од член 1 на Договорот, во целост согласно потребите и барањата на Договорниот орган утврдени во тендерската документација број 4606-9786/2 од 30.10.2018 година и Понудата доставена преку ЕСЈН.

**Член 5**

Носителот на набавката кој е изведувач на работите, одговара за недостатоци што би се покажале за време од десет години од предавањето и приемот на работите во согласност со одредбите од Законот за облигационите односи.

**Член 6**

Носителот на набавката се обврзува да обезбеди банкарска гаранција за навремено и квалитетно извршување на договорот во висина од **од 5% од вредноста** утврдена во член 2 од овој договор.

Гаранцијата треба да биде поднесена во оригинална форма, **пред потпишување на договорот**, а со важност до исполнување на обврските од член 4 од овој договор.

Договорниот орган ќе ја врати Гаранцијата на Носителот на набавката во рок од 14 дена, по реализација на договорната обврска од старана на Носителот на набавката, утврдена во член 4.

**Член 7**

Носителот на набавката се согласува гаранцијата за квалитетно извршување на договорот да биде наплатена доколку не исполни некоја од обврските наведени во член 4 од овој договор на начин и рок согласно тендерската документација и понудата, а по претходно известување од страна на Договорниот орган.
Носителот на набавката се согласува доколку дојде до наплата на гаранцијата од став 1 од овој член договорниот орган да објави до ЕСЈН негативна референца.

## V. ОБВРСКИ НА ДОГОВОРНИОТ ОРГАН

**Член 8**

Договорниот орган се обврзува да ја реализира работата на начин и рок определен во член 3 од Договорот.

## VI. ВАЖНОСТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 9**

Договорот е со важност до исполнување на вредноста од член 2 став 1 од Договорот, односно 14 (четиринаесет) дена сметано од денот на стапување на сила на истиот.

## VII. ЗАВРШНИ И ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 10**

Измени и дополнувања на Договорот може да се вршат со заедничка согласност на договорните страни по писмен пат, со Анекс – Договор потпишан од овластените претставници на договорните страни.

**Член 11**

Во случај на спор договорните страни се согласни спорот да го решат спогодбено, а во спротивно истиот ќе го решава надлежниот суд во Скопје.

**Член 12**

Договорот е составен во 6 (шест) еднообразни примероци, од кои по 3 (три) за секоја договорна страна.

| ЕНЕРГОИНВЕСТ ТРЕЈД<br>Глигор и др. ДОО | ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА<br>ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАРИЈАТ |
|---|---|
| ____________________ | ____________________ |
| **Љубен Илиевски**, Управител | **Д-р Драги Рашковски**, Генерален секретар |

*Подготвил: Даринка Јовановска*
*Контролирал Анета Стевковска*